Политичка Партија АЛТЕРНАТИВА Скопје
Partija Politike ALTERNATIVA Shkup
bul. Krste Misirkov nr.11-1/lok.68A, 1000 Shkup-Çair
htpp||www.alternativa.mk, e-mail:kontakt@alternativa.mk

---

До:
**Национална мрежа**
**против насиство врз жените и**
**семејното насилство**

Политичка партија - Partia politike
АЛТЕРНАТИВА - ALTERNATIVA
Бр.-Nr. 03-24/0223
14.02. 2023 год.-viti
ALTERNATIVA Скопје - Shkup

РЕШЕНИЕ ЗА

**ОДГОВОР**
**На барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Во согласност со обврските за одгор на Барање за пристап до информации од јавен карактер, благовремено Ви доставуваме одговори на вашите прашања:**

1. Колку жени, а колку мажи се членови на вашата политичка партија?

   - Партијата е во фаза на регистрација на свотео членство во подограноци и изработка на Платформа - Датотека на своето членство. Во моментот нема податоци кои би биле веродостојни.

2. Дали вашата политичка партија е финансирана од страна на државата?

   - Политичката партија Алтернатива, Скопје согласно позитивните законски прописи во РСМ, сразмерно со бројот на пратеници и освоените мандати за советници во Советите на Општините (4+1) , од Буџетот на РСМ добива одреден износ кои им следуваа на политичките партии.

3. Доколку да, каде и на кој начин се објавени добиените средства од државата и начинот на кој се потрошени?

   - Редовните Финасиски Извештаји освен во државните институции надлежни од ова област, се објавуваат и на веб страницата на партијата.
   - Во текот на 2022 година нашата веб странцица во неколу наврати беше предмет на кибернетиски напади при што голем дел од податоците не усмеавме да ги вратиме, но извештајите се доставени до надлежните органи.
   - Најновиот Извештај за 2022 година ке биде доставен и објавен во предвидениот законски рок, најдоцна до 31.03.2023 година.

4. Дали политичката партија има Форум/ Унија на жени?

   - Во нашата политичка партија во текот на 2022 година, беа организирани внатрешни избори на органите при што во најголем дел од ограноците беа формирани и Форум на Жените на ограноците, но таа активност сеуште не е завршена во неколку ограноци, за да се пристапи кон Конвенцијата за формирање на Форум на Жените во централно ниво.

Политичка Партија АЛТЕРНАТИВА Скопје
Partija Politike ALTERNATIVA Shkup
bul. Krste Misirkov nr.11-1/lok.68A, 1000 Shkup-Çair
*htpp||www.alternativa.mk, e-mail:kontakt@alternativa.mk*

- Сепак, претседателство има избрано потпреседател на партија жена – со задача кординација на жените во партијата.
- Со одлука на претседателството, во сите органи на партијата жените се преставени со минимум 30%.
- Преставнички на партијата имаат учествувано и изготвени активности и пројекти во соработка со НИД (NDI) кои се во фаза на спроведување од ова област.

5. Доколку да, дали постои посебен фонд за финансирање на програмата и активностите на Форумот на жени/Унијата на жени?

   - Не, не постои посебен фонд за финансирање на Форумот на Жените

6. Дали политичката партија има документ со кој ја регулира заштитата на жени од насилство? Доколку има, ве молиме да ни обезбеди.

   - Не, нема посебен документ од таа област!

Со надеж дека нашите одговори за бараните информации ке ви бидат корисни и се во рамките на вашите очекувања и потреби, средчно ве поздравуваме.

Со почит

Башким Муртези

Контакт: kontakt@alternativa.mk
www.alternativa.mk
070/313083

Политичка Партија Алтернатива, Скопје
Башким Муртези, овластено лице

Скопје, 14.02.2023 год.

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство

Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

**ДО**
**Алтернатива**
**Политичка партија**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019).

Почитувани,

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство подготвува Извештај во сенка за членовите 7 и 8 од Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените – CEDAW во рамки на проектот „Подготовка на извештај во сенка за имплементација на CEDAW во Република Северна Македонија" кој е поддржан од Национален институт за демократија (NDI). За таа цел започнавме процес на собирање податоци согласно утврдената Методологија за подготовка на Извештајот. Ви го доставуваме ова барање за слободен пристап до информации од јавен карактер кои вие како иматели на овие информации и податоци располагате и бараме согласно законскиот утврден рок од 20 дена да ни одговорите на следните прашања:

1. Колку жени, а колку мажи се членови на вашата политичка партија?
2. Дали вашата политичка партија е финансирана од страна на државата?
3. Доколку да, каде и на кој начин се објавени добиените средства од државата и начинот на кој се потрошени?
4. Дали политичката партија има Форум/Унија на жени?
5. Доколку да, дали постои посебен фонд за финансирање на програмата и активностите на Форумот на жени/Унијата на жени?
6. Дали политичката партија има документ со кој ја регулира заштитата на жени од насилство? Доколку има, ве молиме да ни обезбедите пристап до интерниот акт преку линк или да ни го доставите интерниот акт во копија

Доколку имате потреба од дополнителни информации или прашања ве замолуваме да ги контактирате електронски лицата за контакт и тоа:

Ана Аврамоска Нушкова avramoska@glasprotivnasilstvo.org.mk

Ина Џугуманова inadzugumanova@yahoo.com

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

Национална
мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство

Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
**coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk**
**glasprotivnasilstvo.org.mk**

- б) препис

- в) фотокопија

**√ електронски запис**

- д) друго ________________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

**√ г) е-маил**

- д) друго ________________________________________

Барател на информацијата: Национална Мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, ул Коста Кирков бр.5/1-9А, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 60-90-066, e-mail: coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk .

Застапник/полномошник на барателот на информацијата: Елена Димушевска – Извршна директорка

Ве замолуваме бараните податоци доставете ни ги по електронски пат на следнава e-mail адреса: coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk.

Скопје, 09.02.2023година

Ви благодариме за соработката,

Со почит,

Елена Димушевска

ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО СКОПЈЕ

_______________________

*Извршна директорка*
*Национална мрежа против*
*насилство врз жени и*
*семејно насилство*